# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

**ИНКО – Осигурително брокерско друштво**

Адреса: 11 Октомври 86-1/I
1000 Скопје
Телефон 071 212721
Е-пошта: info@inco.com.mk

Офицерот за заштита на личните податоци е Олга Николовска, контакт Е-пошт olga.nikolovska@inco.com.mk, може да се обратите во врска со прашања поврзани со заштитата на личните податоци.

**Датум на последно ажурирање:** 01.07.2025

## 1. ВОВЕД

Контролор/обработувач на личните податоци е ИНКО ОБД.

ИНКО ОБД ја почитува вашата приватност и е посветена на заштитата на вашите лични податоци. Оваа Политика за приватност објаснува како ги собираме, користиме, споделуваме и штитиме вашите лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

„Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

## 2. КОИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ГИ СОБИРАМЕ

Можеме да собираме и обработуваме различни категории на лични податоци, вклучувајќи:

- Име и презиме
- Адреса на живеење
- Електронска пошта и телефонски број
- Единствен матичен број на граѓанин (ЕМБГ)
- Податоци за лична карта или пасош
- Финансиски информации (банкарски сметки, податоци за плаќање)
- Информации за осигурување (полиси, штети, бенефиции)
- Информации за здравствена состојба (доколку е применливо)

## 3. КАКО ГИ СОБИРАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Вашите лични податоци ги собираме директно од вас или од други извори како што се: јавни бази на податоци, вашиот работодавач, застапници во осигурување, осигурително брокерски друштва, здравствени установи, доктори и слично.

## 4. ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

ИНКО ОБД собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси), врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Законот за облигациони односи и одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, а во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

## 5. ЦЕЛИ ЗА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Вашите податоци се обработуваат за следните цели:

- Посредување при склучување договори за осигурување
- Администрација и управување со осигурителни полиси
- Обработка на побарувања и штети
- Почитување на законските и регулаторните обврски
- Подобрување на нашите услуги и корисничко искуство
- Директен маркетинг (доколку имате дадено согласност)

## 6. СПОДЕЛУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Можеме да ги споделиме вашите податоци со:

- Осигурителни компании со кои соработуваме
- Надлежни државни органи, кога тоа е законски обврзано
- во случај на ангажирање на даватели на услуги кои ИНКО ОБД ги ангажира како обработувачи со што ќе бидат обврзани да постапуваат по упатствата на друштвото и обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги.

## 7. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Применуваме соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, губење или злоупотреба.

ИНКО ОБД применува строги постапки за безбедност со цел да го намали ризикот од нарушување на безбедноста на личните податоци како што е неовластено откривање, неовластен пристап до личните податоци и други нарушувања.

Само овластени лица од ИНКО ОБД имаат пристап до личните податоци.

Вработените во ИНКО ОБД се обврзани на приватност.

# 8. ПРАВА НА КОРИСНИЦИТЕ

Според Законот за заштита на личните податоци, имате право на:

- Пристап до вашите податоци
- Исправка на неточни податоци
- Бришење на податоците („право да се биде заборавен")
- Ограничување на обработката
- Преносливост на податоците
- Поднесување приговор против обработката
- Повлекување на согласноста во секое време

Барањето за остварување на вашите права може да го поднесете:

- Во седиштето на ИНКО ОБД на Бул.Крсте Мисирков бр.1, 1000 Скопје
- По пошта, на адресата: Бул.Крсте Мисирков бр.1, 1000 Скопје, со назнака „за Офицер за заштита на лични податоци"
- На електронската пошта: info@inco.com.mk

# 9. РОК НА ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Вашите податоци ги чуваме во периодот неопходен за постигнување на целите утврдени во оваа Политика за приватност, освен ако не е неопходен или дозволен со закон подолг период на чување. Законот за супервизија на осигурување предвидува дека податоците за осигурениците и за осигурените лица се чуваат 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета 10 години по затворање на случајот. По истекот на рокот за чување, податоците се бришат од базите на податоци, а документацијата се уништува на таков начин што веќе не е можно да се утврди нејзината содржина или повторно да се користи.

# 10. Право на поднесување на барање до АЗЛП

Ако сметате дека начинот на кој ИНКО ОБД ги обработува Вашите лични податоци ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, можете да поднесете

барање до Агенцијата за заштита на личните податоци како надзорно тело, согласно Законот за заштита на личните податоци.

## 11. Промена на политиката за приватност

Политиката за приватност подлежи на редовно преиспитување и по потреба ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности. Ќе бидете информирани за какви било промени на оваа интернет страна.

Скопје, 01.07.2025

Осигурително брокерско друштво ИНКО АД Скопје

Извршен Директор